

# МАЗАРС РЕВИЗИЈА
## Извештај за транспарентност
2022

mazars

Согласно член 35 од Законот за ревизија во Република Северна Македонија ("Службен Весник на РМ" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18), МАЗАРС РЕВИЗИЈА доо Скопје го објавува следниот Извештај за транспарентност

mazars

# Извештај за транспарентност за 2022 година содржи информации во врска со:

- опис на правната структура и сопственост на друштвото за ревизија
- опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа
- опис на управувачката структура на друштвото за ревизија
- опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем
- датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со членот 20-а од Законот за ревизија
- список на субјекти на кои е извршена ревизија во претходната година
- изјава за независно работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени
- изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија, односно овластениот ревизор-трговец поединец за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година;
- финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци, расчленет во четири категории: од услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки, дополнителни услуги на уверување на квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги и
- информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

# Опис на правната структура и сопственост на друштвото за ревизија МАЗАРС РЕВИЗИЈА доо Скопје

***ОСНОВАЊЕ И ПРАВНА СТРУКТУРА***

Полниот назив на друштвото за ревизија е Друштво за ревизија МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, скратениот назив е МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, додека правниот статус е друштво со ограничена одговорност, со основна главнина од 5,000 Евра.

МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје е основано на 28 јули 2021 година во Скопје, како друштво со ограничена одговорност основана од едно лице – Ненад Ранѓеловиќ. На 19 октомври 2021 година, по извршената статусна промена како основачи на МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје се јавуваат Ненад Ранѓеловиќ (50% сопственост) и Јане Иванов (50% сопственост). Називот на друштвото за ревизија до 13 декември 2022 година беше СФАИ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје.

Седиштето на МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје е на ул. Даме Груев бр. 7, Скопје. МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје нема регистрирани подружници.

Бројот на лиценцата за работа за вршење на ревизија е 35, со решение бр. 08-352/3 (до 12.12.2022 бр. 08-313/3) од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје е запишано во регистарот на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија - број ДР039.

На 31 декември 2022 година Друштвото има 9 вработени на неопределено време и 3 практиканти. На датумот на овој извештај за транспарентност МАЗАРС РЕВИЗИЈА доо Скопје има 6 вработени на неопределено време и 1 практикант.

***СОПСТВЕНОСТ***

На 31 декември 2022 година сопственици на МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје се овластените ревизори Ненад Ранѓеловиќ (50% сопственост) и Јане Иванов (50% сопственост), додека на датумот на овој извештај, сопственици на МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје се овластените ревизори Ненад Ранѓеловиќ (30% сопственост), Јане Иванов (30% сопственост) и MAZARS Shpk Тирана, Албанија (40% сопственост).

***ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПРОФЕСИОНАЛНА ОДГОВОРНОСТ***

МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, согласно Законот за ревизија има полиса за осигурување од професионална одговорност, издадена од друштвото за осигурување УНИКА АД Скопје, со број 3001O068516, со период на осигурување од 23.08.2021 до 23.08.2022 година, како и број 13001O074321 од 23.08.2022 до 23.08.2023 и покритие на годишен агрегатен лимит и по штетен настан од 400.000 Евра, односно 24.600.000 денари, без франшиза.

***СПИСОК НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ ВРАБОТЕНИ ВО ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА***

На 31 декември 2022 и на датумот на овој извештај за транспарентност МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје има вработено 2 овластени ревизори на неопределено време, и тоа Ненад Ранѓеловиќ (број во регистар на овластени ревизори - ОР207, со Број на лиценца 175, со решение 07-144/1 од 16.04.2014) и Јане Иванов (број во регистарот на овластени ревизори ОР192, со Број на лиценца 93, со решение 07-170/1 од 10.05.2013).

# Опис на професионалната мрежа и правните и структурните ангажмани во мрежата каде што припаѓа субјектот

Врз основа на договорот за бизнис комбинација со MAZARS SC. Брисел, Белгија (MAZARS), членка на високоугледниот форум на фирми во рамките на Меѓународната федерација на сметководители (МФС), во обврска сме да ги прифатиме интерните инспектори за контрола на квалитетот на MAZARS. Во тоа својство имаме обврска да ги почитуваме стандардите за контрола на квалитетот на МФС и соодветните национални стандарди во Република Северна Македонија. Во текот на 2022 година, МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје потпиша договор со MAZARS SC. Брисел, Белгија и MAZARS Shpk Тирана, Албанија (MAZARS) и стана полноправна членка на мрежата MAZARS. Согласно овој договор, МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје се стекна со ексклузивно право да се претставува како дел од MAZARS мрежата на територијата на Република Северна Македонија, како независна членка на оваа мрежа.

# Опис управувачката структура

Системот на управување во рамките на МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје се базира на активно учество на двајцата вработени партнери во носењето на сите одлуки, дефинирање на општите деловни цели и усогласеност на работењето на МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје со законските прописи.

Во МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, политиките и деловните цели во ревизијата се дефинираат со рамноправно учество на двајцата партнери, овластени ревизори во Република Северна Македонија.

# Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото за ревизија и Изјава од овластениот надлежен орган на Друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем

Политиката на МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје е да одржува високо ниво на интегритет, професионални стандарди и квалитетна услуга со константно следење на правната и економската легислатива, како и одржување на висок степен на професионално знаење.

Врз основа на барањата на Законот за ревизија, МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје има усвоено Прирачник за контрола на квалитетот на ревизиите кои се извршуваат од МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, подготвен врз основа на насоките за политиките на контролата на квалитет дефинирани во Меѓународните Стандарди за ревизија, Кодексот на етика на професионалните сметководители на IFAC и Законот за ревизија.

Прирачник за контрола на квалитетот на ревизиите кои се извршуваат од МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје е подготвен согласно барањата на:

- МСКК 1 - Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1; и
- МСР 220 - Контрола на квалитет за ревизија на финансиските извештаи

МСКК 1 се однесува на одговорностите на МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје да воспостави и одржува систем на контрола на квалитет кој обезбедува разумно уверување, дека МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје и персоналот се придржуваат на професионалните стандарди и законските барања и дека извештаите кои друштвото ги издава се соодветни на дадени околности. Системот на контрола на квалитет вклучува политики и постапки кои се однесуваат на:

- Одговорности на лидерите за квалитет во рамките на друштвото
- Релевантните етички барања
- Прифаќање и одржување на односите со клиентот и специфични ангажмани
- Човечките ресурси
- Извршување на ангажманот и
- Надгледување.

:

МСР 220 се однесува на одговорностите на МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје и ревизорскиот персонал само за ревизорските ангажмани.

Одговорни за квалитетот на севкупната ревизорска работа на друштвото се управителите на друштвото (овластените ревизори) кој во името на МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје ги потпишуваат ревизорските извештаи.

Управителите на МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје донесуваат програма во вид на прашалници за постапките и процедурите за вршење на внатрешната контрола на квалитетот. Со оглед дека МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје е мал субјект со двајца вработени овластени ревизори, истото нема посебно одделение за внатрешна контрола на квалитет, при што внатрешната контрола се спроведува со ангажирање на еден од овластените ревизори, кој не е партнер на ревизорскиот ангажман, за проверка на квалитетот на ревизорски ангажман во целост почитувајќи ги барањата на Меѓународните стандарди за ревизија.

Врз основа на барањата на Законот за ревизија, МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје доследно се придржува кон усвоениот Прирачник за контрола на квалитетот на ревизиите кои се извршуваат од МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје како на ниво на друштвот за ревизија, така и на ниво на поединечните ангажмани, се со цел да се обезбеди дека вработените се придржуваат кон интерните акти на друштвото при спроведување на поставените задачи од страна на раководителот на ревизорските тимови.

# Независност

МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје посебно внимание обрнува на независноста, а со тоа и на проверка во сите ситуации каде што е можно загрозување на независноста на ревизорите, бидејќи сметаме дека независноста е основа за квалитетот, објективноста, професионализмот и довербата во ревизорската работа. Независноста ја разбираме со исполнување на следниве критериуми"):

- Чесност и објективност
- Професионална стручност и должно внимание
- Избегнување на етички судири со клиентите
- Доверливост
- Професионално однесување
- Почитување на барањата од Стандардите за етика

Независноста на ревизорот сметаме дека е загрозена доколку:

- Истовремено освен ревизорски услуги на клиентот му се обезбедуваат и сметководствени услуги и / или услуги на проценка и судски вештачења
- Членови на ревизорскиот тим се во блиско сродство со некои од раководството на клиентот,
- Било кој од ревизорскиот персонал има било каков финансиски интерес со клиентот или е вклучен во управувачките и надзорни структури во органите на клиентот
- Еден ист ревизорски тим 5 години по ред врши ревизија кај ист клиент

Независноста на ревизорскиот персонал се испитува на неколку нивоа и тоа: по пат на изјави, на годишно ниво за сите клиенти со кои друштвото има склучено договори за ревизија, пред назначување на членовите на конкретен ревизорски тим, а членовите на ревизорските тимови во одлуките за назначување се предупредени да ги известат управителите доколку во текот на ревизијата се создадат околности со кои може да биде загрозена нивната независност.

# Професионално усовршување на овластените ревизори и другиот ревизорски персонал

МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје им овозможува на своите вработени нивно натамошно професионално усовршување преку присуство на семинари во земјата и странство организирани од Институтот на овластени ревизори, MAZARS, како и од други акредитирани институции. Исто така, се организираат интерни семинари од областа на ревизијата во рамките на друштвото, а се следат и на семинари кои ги организираат овластени консултантски куќи од областа на даноците и сметководството. Друштвото за ревизија располага со солиден фонд на стручна литература, видео и аудио предавања од областа на ревизијата, даночната регулатива и сметководството.

# Датум на извршена последна проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно член 20-а од законот за ревизија во Република Северна Македонија

Во текот на 2022 година, МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје беше предмет на проверка на контрола на квалитетот согласно член 20-а од Законот за ревизија, притоа согласно Извештајот за извршена контрола на квалитет, издаден во декември 2022 година, севкупниот заклучок е задоволително.

# Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година

**Во текот на 2022 година МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје (до 12 декември 2022 година познато како СФАИ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје) ги изврши следниве законски ревизии: ВФП АД Скопје, ВФП Фонд Менаџмент ад Скопје, ОИФ ВФП Дивиденда, ОИФ ВФП Премиум инвест, ОИФ ВФП 100% Бонд, ОИФ ВФП Кеш депозит, Илирика Инвестментс ад Скопје, Еурохаус ад Скопје, Рехау дооел Скопје, Уни Агро доо Велес, Мегаспорт дооел Скопје, Новатек Македонија дооел Скопје, Арманекс дооел Скопје, Раде Кончар ад – Апаратна техника, Раде Кончар доо – Контактори и Релеи, , А.Б. Новоселски доо Струмица, Белима РКСС доо Охрид, Водават 6 доо Охрид, Бато енд Дивајн Графикс Центар доо Скопје, Дивајн доо Скопје, Инжинеринг солушн сервисес ЕСС доо Скопје, ДМБ Продуцтион дооел Прилеп, Киро Дандаро ад Битола, Лакталис МК дооел Скопје, Лакталис Млекарница дооел Битола, ХТЛ Македонија дооел Скопје, Синпекс доо Битола, Ми-Да Гранд Моторс доо Скопје, Агенција за управување со одземен имот Скопје, ЈП Паркови и зеленило Скопје, Луна дооел Скопје, Флоразон дооел Скопје, МА Гаминг дооел Скопје, АД НЕР Скопје, Либерти ад Скопје, Плива дооел Скопје, Мастербет дооел Скопје, Фортуна Груп доо Скопје, Макотен дооел Гевгелија, Таурус Фрут дооел Богданци, Музунгу дооел Богданци, Текстилна Корпорација дооел Негорци, Шимов Транспорт дооел Богородица, ШТ доо Богданци, како и следниве договорни ревизии: Горење дооел Скопје, Раде Кончар доо – Заеднички дејности, Унита филм дооел Скопје, Н47 дооел Скопје, БНТ Медуза дооел Скопје, Манох дооел Скопје, Бригс Груп дооел Скопје, АС Техноложик Иншаат дооел Скопје, Озер Кардашлер Иншаат доо Скопје, ЛПП Македонија дооел Скопје, Волмерк доо Скопје, Спид тејк дооел Скопје, МД Пластик Гевгелија, ЦВГ Гевгелија, Ни-Са Груп дооел Скопје, Банка за храна Македонија - Скопје, ППГ Цлеанроомс дооел Скопје, Меѓународен балкански универзитет Скопје, Дојрана Фреш Продуце дооел, РЕЦ – Регионална канцеларија Скопје - рец унеп проект, Банка за храна Македонија - Скопје, Министерство за транспорт и врски на РСМ – проект рехабилитација источна страна железнички коридор 8 - фаза 1.**

# Финансиски информации за вкупниот приход остварен од ревизијата и другите надоместоци

МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје во текот на 2022 година обезбедуваше услуги во областа на ревизијата, вклучувајќи ревизија на единечни и консолидирани финансиски извештаи, проверка, други услуги на уверување како и други услуги вклучувајќи: советодавни услуги, услуги на даночно советување, посебно договорени постапки и слично.

| ВИД НА ПРИХОД | Во денари 2022 | Во % 2022 | Во денари 2021 | Во % 2021 |
|---|---|---|---|---|
| Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки (согласно МСР) | 12.160.797 | 62,63% | 3.449.752 | 74,65% |
| Дополнителни услуги за уверување во квалитет (согласно другите релевантни објави на IFAC, прифатени и објавени | 2.036.662 | 10,49% | 924.823 | 20,01% |
| даночни советодавни услуги | 3.385.037 | 17,43% | - | 0,00% |
| други неревизорски услуги | 1.834.071 | 9,45% | 246.781 | 5,34% |
| ВКУПНО | 19.416.567 | 100,00% | 4.621.356,00 | 100,00% |

# Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

При ревизијата, хонорарот се утврдува врз основа на буџетираните потрошени часови за ангажманот, зголемени за евентуални трошоци поврзани со самиот ангажман.

Скопје, 31 март 2023 година

| | |
|---|---|
| Управител<br>МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје | Управител<br>МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје |
| Ненад Ранѓеловиќ<br>Овластен ревизор | Јане Иванов<br>Овластен ревизор |

**И З Ј А В А**

**ОД ОВЛАСТЕНИОТ НАДЛЕЖЕН ОРГАН НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ВНАТРЕШНИОТ СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ**

Одговорниот за квалитетот на ревизиите, Управителите на друштвото за ревизија изјавуваат дека системот на контрола на квалитетот на друштвото за ревизија функционира на начин што обезбедува разумна сигурност дека друштвото за ревизија и ангажираниот персонал се усогласени со професионалните стандарди, регулаторните и законските барања, и дека издадените ревизорски извештаи се соодветни на дадените околности.

Скопје, 31 март 2023 година

Управител
МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Ненад Ранѓеловиќ
Овластен ревизор

Управител
МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Овластен ревизор

**И З Ј А В А**

**ЗА НЕЗАВИСНОТО РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА СО КОЈА СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА ПОСТОЈАТ ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА НЕЗАВИСНОСТА И ДЕКА ИСТИТЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ**

Врз основа на барањата на Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и националното право, МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, има усвоено Политика за независност со цел да се овозможи сите партнери и вработени во МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје да бидат објективни и независни од сите ревизорски и неревизорски клиенти и нивните поврзани субјекти. Со оваа политика се дефинираат услугите кои можат или не можат да се извршат од страна на МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје како надворешен ревизор. Таа е дизајнирана да и помогне на МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје во проценувањето на потенцијалните конфликти на интерес во работата која ќе ја извршуваат ревизорите.

Усвоениот систем на интерна контрола и процедури за проверка на усогласеноста на независноста, со цел зголемување на квалитетот на извршените ревизии, во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за квалитет, и истите доследно се спроведуваат.

Скопје, 31 март 2023 година

Управител на
МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Ненад Ранѓеловиќ
Овластен ревизор

Друштво за ревизија МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје
mazars

Управител
МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Овластен ревизор

**И З Ј А В А**

**ЗА ПОЛИТИКАТА ШТО ЈА СЛЕДИ ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА
ЗА КОНТИНУРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА**

Во функција на унапредување на квалитетот на ревизорските постапки а согласно член 28 од Законот за ревизија, друштвото за ревизија има развиено политики за:

- континуирана едукација на овластените ревизори во рамките на Институтот за овластени ревизори на РСМ и од акредитирани институции во странство
- перманентна едукација на персоналот преку присуство на семинари во организација на консултантски куќи од Република Северна Македонија, интерни семинари во рамките на друштвото, набавка на стручна литература, финансиска поддршка при подготовка и полагање на ревизорскиот испит, финансиска поддршка при доедукација во областа на информатички технологии
- консултации во рамките на друштвото, како и со надворешни соработници

МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, потврдува дека усвоениот систем на политики и процедури во функција на зголемување на квалитетот на едукација на кадарот со цел зголемување на квалитетот на извршените ревизии, во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за квалитет, и истите од година во година доследно ги применува.

Скопје, 31 март 2023 година

Управител на
МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Ненад Ранѓеловиќ
Овластен ревизор

Друштво за ревизија МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје
mazars

Управител
МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Овластен ревизор